**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-82/5
Датум: 20.1.2015 г.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 62 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, Деканатската управа на седницата одржана на **20.1.2015** година донесе

# ОДЛУКА

за финансиските обврски на втор циклус студии

I. Студентите, кои **повторно** запишуваат **IX** семестар на новите студиски програми од втор циклус студии, во зависност од завршените образовни обврски ги имаат следниве финансиски обврски:
   1. ако ги положиле сите испити од IX семестар запишуваат празен семестар без надоместок,
   2. ако не ги положиле сите испити од IX семестар повторно ги запишуваат предметите што не ги положиле и го плаќаат вкупниот број на кредити од запишаниот предмет-и

II. Студентите, кои **повторно** запишуваат **X** семестар на новите студиски програми од втор циклус студии, во зависност од завршените образовни обврски ги имаат следниве финансиски обврски:
   1. ако имаат прифатено тема за изработка на магистерски труд и ги имаат положено сите предмети од X семестар запишуваат празен семестар без надоместок,
   2. ако не ги положиле сите испити од X семестар повторно ги запишуваат предметите што не ги положиле и го плаќаат вкупниот број на кредити од запишаниот предмет-и,
   3. ако немаат прифатено тема за изработка на магистерски труд, заклучно со февруари повторно го запишуваат магистерскиот труд и го плаќаат целокупниот износ за 20 ЕКТС.

III. Вредноста на 1ЕКТС од точка I. и II. изнесува 25 евра во денарска противвредност.

IV. Одлуката да се достави до: Упрвата, веб страницата на ФЕИТ, Службата за студентски прашања, сметководството, општата служба и архивата на Факултетот.

Декан
Проф. д-р Миле Станковски